**1. Што е целта на проектот БЕЛИ и како тој ќе влијае врз училиштето?**

Целта на проектот БЕЛИ е да го зајакне учеството на младите во процесите на донесување одлуки и да ја унапред и демократската култура во училиштата и локалните заедници. Проектот влијае врз училиштето преку зајакнување на улогата на советот на ученици, поттикнување на активно учество на учениците и развивање на вештини поврзани со застапување, демократија и човекови права. Училиштата ќе имаат можност да спроведуваат ученички иницијативи со менторска поддршка, што придонесува за поактивна и инклузивна училишна средина.

**2. Кои училишта имаат право да аплицираат и колку училишта ќе бидат избрани? Дали може да аплицираа и училиштата кои не се двојазични?**

Право да аплицираат имаат сите јавни средни училишта во Северна Македонија, без разлика дали се еднојазични или повеќејазични. Од сите пристигнати апликации, ќе бидат избрани осум училишта кои ќе учествуваат во проектот. Апликацијата е насочена кон функционирањето и потенцијалот на советот на ученици, како и подготвеноста на училиштето да го поддржи неговото работење.

**3. Каква поддршка ќе добијат избраните училишта?**

Избраните училишта ќе добијат сеопфатна поддршка која вклучува:

- програма за градење капацитети за членовите на советот на ученици (со физичко присуство и онлајн),
- менторска поддршка за планирање и спроведување ученички иницијативи,
- поддршка од МЦГО во материјали и услуги потребни за реализација на иницијатива,
- учество на два настани во рамки на Регионалната мрежа на млади лидери и завршна конференција.

Оваа поддршка има за цел да овозможи практична примена на знаењата и активно вклучување на учениците.

**4. Дали меноторите ќе бидат платени? Дали патните трошоци ќе бидат платени и на менторот ?**

Проектот не дозволува плаќање на дневници за наставниците. Но сите трошоците поврзани со реализација на настаните на Регионалната мрежа на млади лидери во Скопје и Приштина, како и завршниот настан во Белград, вклучувајќи и патните трошоци ќе бидат покриени од Проектот БЕЛИ.

---

**5. Каква улога има советот на ученици во проектот и зошто е важен?**

Советот на ученици е клучниот елемент на проектот, бидејќи се смета за првиот институционален механизам преку кој учениците се вклучуваат во демократски процеси за време на нивното образование. Преку проектот, советот на ученици ќе биде зајакнат во својата улога на претставување, застапување и иницирање активности. Училиштата ќе реализираат практични иницијативи водени од учениците, што ја зголемува нивната одговорност и активна улога во училиштето и заедницата.

---

**6. Кои се клучните услови за селекција на училиштата?**

Клучните услови за селекција вклучуваат:

- постоење на активен совет на ученици,
- мотивација за унапредување на младинското учество,
- вклучување на ученици од ранливи и маргинализирани групи,
- искуство во проекти поврзани со демократија и граѓанско образование,
- воспоставена соработка со локални партнери.

Овие услови имаат за цел да обезбедат дека избраните училишта имаат капацитет и подготвеност за успешно учество.

---

**7. Како се пополнува апликацијата и кои информации треба да се обезбедат?**

Апликацијата се поднесува преку онлајн формулар на следниот **линк** и опфаќа повеќе делови:

- основни информации за училиштето (контакт, тип, социјални медиуми),
- податоци за учениците (вкупен број и застапеност на ранливи групи),
- информации за советот на ученици (состав, активности, улога во одлучување),
- мотивација и подготвеност за учество,

- инклузија и учество (предизвици и мерки за поддршка),
- искуство во проекти,
- соработка со локални партнери,
- дополнителни коментари и документација.

Формуларот бара конкретни и јасни информации кои ја прикажуваат реалната состојба и капацитет на училиштето.

---

**8. Како се оценува инклузијата на ученици од ранливи и маргинализирани групи?**

Инклузијата е еден од клучните критериуми и се оценува преку:

- процентот на ученици од ранливи и маргинализирани групи,
- нивната вклученост во советот на ученици,
- конкретни мерки за поддршка (пристапност, менторство, јазична поддршка),
- примери на активности кои вклучуваат ученици од различно потекло.

Ова покажува колку училиштето активно работи на еднакви можности и учество за сите ученици.

---

**9. Какво искуство треба да има училиштето?**

Проектот цели да ги изгради капацитетите на училиштата. Во апликацијата училиштето го споделува претходно искуство во спроведување активности или проекти поврзани со демократија, човекови права, граѓанско образование или младинско учество. Ова искуство ги прикажува капацитетие на училиштето да реализира активности и да ги вклучи учениците во процеси на учење и учество надвор од редовната настава.

---

**10. Каква соработка со локални партнери се очекува од училиштето?**

Од училиштата се очекува да покажат соработка со локални партнери како што се општини, граѓански организации и младински тела. Во апликацијата треба да се опише постоечката соработка и успешни примери, како и да се наведе дали училиштето е запознаено со локални младински политики (на пример локален младински акционен план). Оваа соработка е важна за поврзување на училиштето со заедницата и за поголемо влијание на ученичките иницијативи.

---

**11. Кои се роковите за аплицирање и дали училиштето може да поднесе повеќе од една апликација?**

Апликациите може да се поднесат во било кое време во рамки на утврдениот период помеѓу почетниот и крајниот датум за аплицирање (од 23 март до 23 април 2026г.). Секое училиште има право да поднесе само една апликација. Ова правило обезбедува еднакви услови за сите апликанти.

---

**12. Дали училиштата треба активно да учествуваат во мониторинг и евалуација на проектот?**

Да, од училиштата се очекува да покажат подготвеност за активно учество во мониторинг и евалуација на проектните активности. Во рамки на апликацијата, училиштето треба да ја покаже својата волја да следи и да придонесе во процесот на евалуација, што вклучува следење на напредокот на иницијативите и учество во активности поврзани со проценка на резултатите. Ова е важен дел од проектот бидејќи обезбедува квалитетна имплементација и видливост на постигнатите резултати.

---

**13. Поради предходно договрени активности, претставници од нашето училиште не се во можност да учествува на инфо сесијата, Дали тоа што не можеме да учествуваме на инфо сесијата е проблем да аплицираме на повикот?**

Не, учеството на инфо сесијата не е предуслов за да аплицирате, туку уште една можност училиштата да слушнат за повикот, апликацијата, планираните активности и можност да постават дополнителни прашања. Училиштата може да поднесат апликација во кое било време во периодот помеѓу почетниот и краен датум за аплицирање.

---